Врз основа на член 53 став (13) од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/99, 86/99, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14 , 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16, 189/16 и 198/18 „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 , 124/19, 275/19, 267/20, 163/21, 57/22 и 199/23), министерот за финансии, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ ВО ПОСТАПКА НА ПРИСИЛНА НАПЛАТА И ПРИСИЛНО ИЗВРШУВАЊЕ, ВО СЛУЧАИТЕ КОГА ДОВЕРИТЕЛОТ Е СТЕКНУВАЧ НА ДОБРОТО

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на извештајот за пресметка на данок на додадена вредност во постапка на присилна наплата и присилно извршување, во случаите кога доверителот е стекнувач на доброто („Службен весник на Република Македонија“ бр.143/15), во член 2 став (2) алинејата 4 се менува и гласи: „податоци за прометот (опис, количина, постигната крајна цена, даночна основа, даночна стапка и данок на додадена вредност);“.

Член 2

Прилогот се заменува со нов Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20-8433/1
15 декември 2023 година

Министер за финансии, Скопје
д-р Fatmir Besimi, с.р.